***ВИШ УПРАВЕН СУД***

***СКОПЈЕ***

# ***БИЛТЕН***

***Бр.12***




***СКОПЈЕ***

***Април 2017 година***

**ИЗДАВАЧ:**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ:**

| | |
|---|---|
| ЛИДИЈА ИВАНОВСКА | Претседател на Виш управен суд |

**ЧЛЕНОВИ:**

| | |
|---|---|
| Судија Анита Данилова | Претседател напрв судски совет за имотно – правна област и други права |
| Судија Владанка Панчурова Сулејманова | Претседател навтор судски совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Виолета Илиевска | Претседател натрет судски совет за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Лидија Георгиевска | Член на прв судски совет за имотно – правна област и други права |
| Судија Светлана Костова | Член на прв судски совет за имотно – правна област и други права |
| Судија Емрије Зубери | Член на прв судски совет за имотно – правна област и други права |
| Судија Дијана Димитрова | Член на навтор судски совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Фани Илиевска | Член на навтор судски совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Рина Исени | Член на навтор судски совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Мирјана Василевска | Член натрет судски совет за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Загорка Тноковска | Член натрет судски совет за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судски советникВерица Гавровска Петровска | |
| **КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА** | Љупка Илиеска |

**<u>На ден 04.04.2017 година, судиите одржаа седница,на која согласно член 72 од Судскиот деловник, донесоа и усвоија сентенци од :</u>**

## С О Д Р Ж И Н А

**С Е Н Т Е Н Ц И од прв судски совет за имотно – правна област и други права** ---------------------------------------------------------------------------

**С Е Н Т Е Н Ц И од втор судски совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права** -------------------------------

**С Е Н Т Е Н Ц И од трет судски совет за финансиски, царински, даночни и други права** --------------------------------------------------------

## ПРВ СУДСКИ СОВЕТ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

**I - УЖ-1 бр.463/2016**

Претседател на совет судија Анита Данилова

Сентенца – основ:Право на поднесување на тужба според член 26 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови

**Неможе да се одлучува по тужба на тужител, кој неможе да биде странка во постапка пред Управен суд, со оглед да со управниот акт предмет на управниот спор, не се засега во правото на тужителот, ниту па на истиот му е наметната некаква обврска.**

Од образложението:

Управниот суд со Пресуда У-3.бр.647/2013 од 03.07.2015 година, тужбата на тужителот Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејност давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ АД Аеродром „Александар Велики“ од Скопје, за поништување на Решението на Директорот на Агенција за цивилно воздухопловство Скопје Уп.бр.08-2726 од 30.09.2013 година, ја уважил и оспореното решение го поништил.

Против пресудата жалба изјавија Агенција за цивилно воздухопловство, изјавена преку законскиот застапник Република Македонија Државно правобранителство за подрачје Скопје и заинтересираното лице Владимир Ристески од Скопје, во кои наведоа дека при донесувањето на пресудата, Управниот суд сторил суштествени повреди на постапката, погрешно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите од изјавените жалби, испитувајќи ја обжалената пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбите се основани и Пресудата на Управниот суд треба да се преиначи поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката предвидени во член 42-г став 1 и 2 точка 8 од Законот за управните спорови во врска со член 358 став 3 од Законот за парничната постапка.

Имено, тужителот Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејност давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ АД Аеродром „Александар Велики“ од Скопје, поднел тужба за поништување на Решението на Директорот на Агенција за цивилно воздухопловство Скопје Уп.бр.08-2726 од 30.09.2013 година.

Тужениот орган со оспореното Решение му одобрил на заинтересираното лице Владимир Ристески, контролор на летање, полагање

на практичен дел од испитот за стекнување на рејтингот ACS, придружно овластување RAD и посебно овластување OJTI, со цел обнова на важноста на нејзината дозвола за работа како контролор на летање бр.191/0867 на оперативни работни места ACC/PSC и ACC/EXC во единица на КЛ-LWSS.

Пред Управниот суд била поднесена тужба од страна на тужителот Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејност давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ АД Аеродром „Александар Велики“ од Скопје, за поништување на напред наведеното решение.

Вишиот управен суд утврди дека Управниот суд при донесувањето на пресудата направил суштествена повреда на постапката, предвидена во член 42-г став 1 и 2 точка 8 од Законот за управните спорови, односно во постапката како тужител учествувало лице кое не можело да биде странка во постапката.

Согласно член 7-а од Законот за управните спорови, предвидено е дека доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 42-г став 1 и 2 точка 8 од истиот закон, предвидено е дека суштествена повреда на одредбите на постапката постои ако во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката, или ако странката што е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако процесно неспособна странка не ја застапува законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошникот на странките немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката доколку водењето на постапката, односно вршењето на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено.

Согласно член 3 став 1 од истиот закон, предвидено е дека право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз Закон.

Согласно член 26 став 1 точка 3 од истиот закон, Управниот суд со решение ќа ја отфрли тужбата ако утврди дека очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон.

Согласно член 358 став 3 од Законот за парничната постапка, предвидено е дека ако во постапката пред првостепениот суд е сторена повреда од член 343 став 2 точка 10 на овој закон, (во Законот за управните спорови член 42-г став 1 и 2 точка 8), второстепениот суд со оглед на природата на повредата, ќе ја укине првостепената пресуда и ќе му го врати предметот на надлежниот првостепен суд или ќе ја укине првостепената пресуда и ќе ја отфрли тужбата.

Во конкретниот случај Управниот суд сторил суштествена повреда предвидена во член 42-г став 1 и 2 точка 8 од Законот за управните спорови, со оглед да одлучувал по тужба на тужител кој не можел да биде странка во

предметната постапка пред Управниот суд во смисла на цитираниот член 26 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, со оглед да со управниот акт предмет на управен спор не се засега во правото на тужителот, ниту пак на истиот му е наметната некаква обврска.

Врз основа на изнесеното следуваше овој суд по повод жалбата на тужителот, постапувајќи по службена должност пресудата на Управниот суд да ја укине и тужбата на тужителот да ја отфрли.

## ВТОР СУДСКИ СОВЕТ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА

**II - Уж-2.бр.232/2016**

Судија Дијана Димитрова

Сентенца – основ:Паричен надоместок во случај на невработеност

**Во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, децидно се утврдени роковите во кои невработеното лице треба да поднесе барање до Агенцијата кај која е уплатуван придонесот за вработување, за да го оствари правото на паричен надоместок, а во случај на подоцнежно поднесување на барањето надоместокот му следува од денот на поднесувањето на барањето за преостанатиот период. Пропустите во работењето на стечајниот управник не можат да бидат од влијание за признавање на право на ретроактивна исплата на предметниот надоместок на сега тужителот, туку евентуално би можеле да бидат предмет на друга постапка во рамките на стечајната постапка на работодавачот на тужителот.**

Од образложението

Управниот суд со пресуда У-5.бр.358/2014 од 17.09.2015 година, ја уважил тужбата на тужителот Младен Величковиќ од Куманово изјавена против оспореното Решението на Министерот за за труд и социјална политика бр. 08-815 од 26.02.2014 година и истото го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган Министерот за труд и социјална политика преку законскиот застапник Државното правобранителство на Република Македонија, Државен правобранител за подрачје Скопје поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда се поништи и тужбата на тужителот се одбие како неоснована.

Одговор на жалба е изјавен од тужителот со предлог жалбата на тужениот орган да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучувањето на жалбата, одговорот на жалба и списите по предметот, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е основана.

Имено, од списите по предметот произлегува дека тужителот бил во работен однос кај работодавачот „Боро Петрушевски – Папучар“ АД од Куманово – во стечај и истиот му престанал заклучно со 29.03.2013 година, врз основа на решение бр. 03-1 од 19.09.2013 година, поради отварање на стечајна постапка на именуваното правно лице со решение на Основниот суд Куманово Ст. бр.116/2012 од 29.03.2013 година. Сега тужителот барањето за остварување на паричен надоместок до Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување Куманово го поднел на ден 18.10.2013 година заведено под број 828/2013/17-0306. Постапувајќи по наведеното барање именуваната Агенција, како првостепен орган, донела Решение бр.828/2013/17-0306 од 15.01.2014 година со кое на тужителот му е признаено право на паричен надоместок во траење од 5 месеци и 12 дена, почнувајќи од 18.10.2013 година до 29.03.2014 година во висина од 6.495,00 денари.

Против решението на првостепениот орган сега тужителот поднел жалба која тужениот орган со сега оспореното решение ја одбил како неоснована наоѓајќи дека обжаленото решение е правилно.

Со тужба за управен спор барателот го оспорил решението на тужениот орган бр. 08-815 од 26.02.2014 година, па Управниот суд ценејќи ја законитоста на оспореното решение нашол дека со истото е повреден законот на штета на тужителот поради што тужбата ја уважил и оспореното решение го поништил. Во образложението на побиваната пресуда судот се повикал на одредбите од член 71 став 1 и 2 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, член 166 од Законот за стечај и член 7 од Законот за општата управна постапка.

Имено, согласно член 71 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1997....114/2012), времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое невработеното лице било осигурано во случај на невработеност. Согласно ставот 2 точка 12 од истиот член од Законот, паричниот надоместок на невработено лице се исплатува дванаесет месеци ако има стаж на осигурување над 25 години.

Согласно член 166 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/2006...47/2011), со денот на отварањето на стечајната постапка договорите за вработување склучени помеѓу работникот и работодавецот - должникот престануваат. Согласно ставот 2, стечајниот управник донесува решение со кое констатира дека договорот за вработување на работникот престанал. Против ова решение не е дозволена жалба. Според ставот 3 од истиот член, стечајниот управник заради остварување на правата на работникот примерок од решението од ставот 2 на овој член го доставува до

надлежната служба за посредување при вработување на чие подрачје се наоѓа седиштето на стечајниот должник во рок од три дена од денот на донесувањето.

Согласно член 7 од Законот за општата управна постапка, кога органите решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на права и интересите на странките.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните законски одредби и утврдената состојба дека на сега тужителот работниот однос му престанал на ден 29.03.2013 година врз основа на решение бр.03-1 од 19.09.2013 година, поради отварање на стечајна постапка над работодавачот „Боро Петрушевски – Папучар“ АД од Куманово – во стечај со решение на Основниот суд Куманово Ст.бр.116/2012 од 29.03.2013 година, при состојба да решението за престанок било донесено на 19.09.2013 година, а барањето за остварување на правото на паричен надоместок било поднесено до Агенцијата на ден 18.10.2013 година, Управниот суд оценил дека погрешно било пресметно времето за кое на тужителот требало да му биде исплатуван паричниот надоместок. Ова од причина што првостепениот орган не го имал во предвид фактот дека тужителот немал можност порано да го поднесе барањето за признавање на правото на паричен надоместок бидејќи не му било врачено решението за престанок на работниот однос кое задолжително треба да се приложи кон барањето до првостепениот орган. Во конкретниот случај решението за престанок на работниот однос наместо да биде донесено на денот на отварањето на стечајната постапка било донесено по протекот на повеќе месеци од денот на отварањето на стечајната постапка со што стечајниот управник не ја запазил постапката примерок од решението со кое се констатира престанок на работниот однос да го достави во рок од три дена од денот на донесувањето, иако во образецот М1/М2 како датум на престанок на осигурувањето – работниот однос е евидентиран 29.03.2013 година, а решението за престанок е со датум 19.09.2013 година.

По наоѓање на Вишиот управен суд побиваната пресуда е незаконита.

Имено, по наоѓањето на Вишиот управен при донесувањето на сега побиваната пресуда Управниот суд покрај погоре цитираните законски одредби требал да ја има во предвид и одредбата од член 74 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и одредбата од член 9 и 12 од Законот за општата управна постапка.

Согласно 74 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, паричниот надоместок на невработеното лице му припаѓа од денот на престанокот на работниот однос, ако невработеното лице поднесе барање до Агенцијата кај која е уплатуван придонесот за вработување, во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос. Ако невработеното лице поднесе барање по истекот на рокот од став 1 на овој член, паричниот надоместок му припаѓа од денот на поднесувањето на барањето за преостанатото време, став 2. Паричен надоместок не му припаѓа на невработеното лице кое поднело барање, по истекот на времето за кое според член 71 од овој закон имало право на исплата на паричниот надоместок, став 3.

Имајќи ја предвид содржината на овие законски одредби по наоѓање на овој суд органите на управата по правилно спроведена постапка согласно начелата на управната постапка, го донеле оспореното и претходно првостепеното решение. Имено, во конкретниот случај не може да се прифати за правилно толкувањето на Управниот суд дека фактот што стечајниот управник на работодавачот не ја запазил постапката за донесување на решение за престанок на работниот однос на тужителот кај стечајниот должник е од влијание за поништување на оспореното решение. Напротив, во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, децидно се утврдени роковите во кои невработеното лице треба да поднесе барање до Агенцијата кај која е уплатуван придонесот за вработување, за да го оствари правото на паричен надоместок, а во случај на подоцнежно поднесување на барањето надоместокот му следува од денот на поднесувањето на барањето за преостанатиот период, како што во конкретниот случај и гласи решението на првостепениот орган. Пропустите во работењето на стечајниот управник не можат да бидат од влијание за признавање на право на ретроактивна исплата на предметниот надоместок на сега тужителот, туку евентуално би можеле да бидат предмет на друга постапка во рамките на стечајната постапка на работодавачот на тужителот.

**III – УЖ-2 бр.419/2016**

Судија Дијана Димитрова

Сентенца – основ:Обврска на Центарот за социјални работи да го извести корисникот за потребата од повторен преглед два месеци пред истекот на рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице

**Согласно член 76 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09...33/2015), Центарот е должен да го извести корисникот за потребата од повторен преглед два месеци пред истекот на рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице. Тужителот, односно неговиот старател, не примиле известување во смисла на цитираната одредба од член 76 од Законот за социјална заштита, со што не била испочитувана законски предвидената постапка.**

Од образложението

Управниот суд со Пресуда У-4.бр.586/2015 од 04.11.2015 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Димча Ѓорѓевски од Скопје, изјавена против Решението на Министерот за труд и социјална политика бр.10-6343/2012 од 17.03.2015 година.

Незадоволен од пресудата на Управниот суд, тужителот изјави навремена жалба преку полномошник Костадин Веселиновски, адвокат од Скопје, поради сторени суштествени повреди на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Предлага жалбата да се уважи, побиваната пресуда се укине и предметот се врати на истиот суд на повторно судење, или истата се преиначи во полза на тужителот.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е основана.

Видно од списите по предметот, со Решение на првостепениот орган ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје УП1.бр.3328-2984/14 од 23.12.2014 година, на тужителот Димча Ѓорѓевски од Скопје му е прекратено правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, со образложение дека носителот на правото не ја доставил потребната документација за контролен преглед во законски определениот рок. Со денот на влегувањето во сила на наведеното решение престанува да важи решението уп1-3328-2984 од 28.02.2014 година на истиот Центар. Во образложението на решението е наведено и дека сега тужителот неосновано примил парични средства во износ од 22.755,00 денари за периодот од 23.06.2014 до 01.11.2014 година. Законски основ за донесување на решението органот наоѓа во одредбите од член 72,73,74,75,189 и 190 од Законот за социјална заштита.

Министерството за труд и социјална политика, како второстепен орган со Решение бр.10-6343/2012 од 17.03.2015 година, ја одбил, како неоснована, жалбата на Димча Ѓорѓевски од Скопје, изјавена против првостепеното решение со образложение дека во првостепеното решение правилно биле ценети сите прашања и околности кои биле од влијание за негово донесување.

Управниот суд со побиваната пресуда оценил дека во конкретниот случај сега тужителот бил корисник на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице признаено со решение Уп1-3328-2984 од 28.02.2014 година со обврска да се јави на контролен преглед на 23.06.2014 година, па со оглед да тужителот не поднел барање за контролен преглед заклучно со 23.06.2014 година, правилно првостепениот орган донел решение за престанок на предметното право и при тоа е констатирано дека неосновано примил парични средства за периодот од 23.06.2014 година до 01.11.2014 година. Во однос на наводите изнесени во жалбата на тужителот изјавена против првостепеното решение и во тужбата за управен спор дека не бил известен да поднесе барање за продолжување на користење на правото, судот оценил дека од содржината на наводите и приложената документација произлегува дека тужителот бил запознаен со обврската да поднесе Барање и изврши контролни прегледи, но дека неспорно од приложената медицинска документација произлегува дека задоцнил со исполнувањето на оваа обврска, од една страна, а од друга страна, не доставил докази во правец на постоење објективни причини за неможност за јавување на контролен преглед заклучно со 23.06.2014 година.

По наоѓање на Вишиот управен суд побиваната пресуда е незаконита.

Согласно член 73 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09...33/2015), потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем има лице со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги врши основните физиолошки потреби. Потреба од помош и нега од друго лице во помал обем има лице со умерени пречки во менталниот развој и лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби. Потреба од помош и нега од друго лице од ставовите 1 и 2 на овој член, има и лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги задоволи основните животни потреби.

Според член 75 став 1 од истиот закон, потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење, ја утврдува стручна комисија која може да биде при јавна установа која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лица со одреден вид на попреченост или во друго правно лице. Според став 2, право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, по исклучок од ставот 1 на овој член, има лице над 26 години возраст со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, како и потполно слепо лице чиј вид и степен на попреченост, како и потполно слепо лице чиј вид и степен на попреченост е утврден со наод, оцена и мислење на стручен орган, издаден во постапка согласно со општиот акт од членот 203 ставови 2 и 3 на овој закон и решение на центарот за социјална работа. Согласно ставот 3, за потребата за помош и нега од друго лице се доставува конзилијарано мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветни специјалности, издадено од клиничките болници, Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ и Универзитетски клиники. По исклучок на став 3 од овој член се доставува отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација.

Согласно член 76 од истиот Закон, Центарот е должен да го извести корисникот за потребата од повторен преглед два месеци пред истекот на рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице.

Во конкретниот случај видно од списите приложени кон предметот, а на што основано се укажува во тужбата за управен спор и жалбата изјавена против пресудата на Управниот суд, основано се укажува дека тужителот, односно неговиот старател, сопругата Љиљана не примиле известување во смисла на цитираната одредба од член 76 од Законот за социјална заштита, со што не била испочитувана законски предвидената постапка.

**IV – УЖ-2 бр.398/2016**

Судија Фани Илиевска

Сентенца – основ:Право на признавање на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство

**Право на признавање на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство има осигуреник за период од 9 месеци неприкинато. Право на овој надоместок, нема влијание фактот што избраниот матичен гинеколог кој ја водел бременоста бил пензионер во моментот на издавањето на извештајот. Тоа е однос помеѓу лекарот и Фондотза здравствено осигурување, а осигурениците не треба да трпатнегативнипоследици од евентуалната злоупотреба на статусот на лекарот.**

Од образложението:

Управниот суд со Пресуда У-4.бр.384/2015 од 16.09.2015 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителката Александра Лазеска од Кичево, изјавена против Решението на Министерот за здравство УП II. бр.13-3360 од 20.02.2015 година.

Против пресудата на Управниот суд, во законски предвидениот рок, жалба изјави тужителката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување.

Вишиот управен суд по проучување на списите од предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбата е основана.

Имено, од списите на предметот произлегува дека со Решение УПI.бр.16-7-/265/2-8 од 05.12.2014 година раководителот на Фондот за здравствено осигурување-Подрачна служба-Кичево го одбил како неосновано барањето на осигуреникот Апександра Лазеска од Кичево за признавање на право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. Ова од причини што (постапувајќи по насоките дадени од второстепениот орган во решението УпIIбр. 13-3360 од 10.11.2014 година), утврдил дека по извршена контрола на работењето на здравствената установа од страна на службата за контрола за избран лекар на осигуреникот Александра Лазеска од Кичево од 25.11.2009 година е Д-р Матески Георгија - специјалист по гинекологија се до 03.05.2010 година, кому поради исполнување на условите за старосна пензија со навршување на 66 години возраст, му престанал статусот на избран лекар. Поради престанок на работата на овој лекар, по службена должност од страна на Фондот, со

колективна одјава биле одјавени осигурените лица на кои избран лекар им бил Д-р.Матески Георгија заклучно со 03.05.2010 година. Тужителката после овој период до Подрачната служба не доставила изјава за избор/промена на лекар на пропишан образец, односно не направила избор на нов избран гинеколог согласно член 20 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување, а тоа го сторила дури на 27.08.2010 година кај Д-р.Александар Матески. На ден 20.09.2010 година, таа поднела барање за надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство со Извештај за привремена спреченост за работа за период од 14.07.2010 година до 09.04.2011 година издаден од гинеколог на кој статусот на избран лекар му бил престанат односно веќе бил пензионер.

При ваква фактичка состојба, првостепениот орган утврдил дека при доставени докази: невалиден извештај за привремена спреченост за работа-Образес ИСР, бидејќи избраниот лекар гинеколог после периодот од 03.05.2010 година немал статус на избран лекар бидејќи е пензионер, листа на матични лекари на осигуреникот, Изјава дадена од вработеното лице во првостепениот орган, Извештај за теренска контрола, од кој произлегло дека осигуреното лице нема направено избор на лекар за да може да ги остварува своите права од здравствено осигурување, барањето со приложените докази не е во согласност со законските прописи од областа на здравственото осигурување и Законот за работните односи, поради што не се исполнети условите од член 15 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување, а согласно член 28 став 3 и 4 од истиот закон. Против ова решение барателката - осигуреничката поднела жалба.

Тужениот орган со оспореното решение ја одбил жалбата како неоснована со образложение дека првостепениот орган донел законита одлука кога не му признал право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство бидејќи во случајот не се исполнети обврските за признавање на правото согласно член 15 став 3 од Законот за здравствено осигурување. Незадоволна од решението на тужениот орган, тужителката повела управен спор.

Имено, согласно член 165 од Законот за работните односи, работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато. Согласно став 2 од овој член, врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање. Согласно став 3 на овој член, доколку работничката се породи порано од рокот утврден во ставот 2 на овој член, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот од ставот 1 на овој член.

Согласно член 170 од истиот закон, работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на дете има право на надомест на плата според прописите за здравствена заштита.

Според член 12 од Законот за здравствено осигурување („Службен

весник на Република Македонија“ број 25/2000....67/09), во рамките на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува право на парични надоместоци и за право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреди и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Согласно член 15 став 3 од истиот Закон, осигурениците од членовите 13 и 14 на овој закон можат да остварат право на надоместок на плата ако ги исполнуваат следните услови: правото на надоместок на плата се остварува ако здравственото осигурување траело најмалку шест месеци пред настанувањето на случајот, ако придонесот за здравственото осигурување редовно е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и оценката за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар односно Лекарската комисија.

Согласно член 28 став 1 од Законот за здравствено осигурување, здравствените услуги во примарната здравствена заштита на осигурените лица им се обезбедуваат кај избраниот лекар. Согласно став 2 на овој член, осигуреното лице има право и должност да избере лекар во примарната здравствена заштита. Во ставот 4 е предвидено дека секој избран лекар е должен во случај на негово отсуство или привремена спреченост за работа, на своите пациенти да им обезбеди замена со соодветен лекар во примарната здравстсвена заштита.

Вишиот управен суд имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба и содржината на цитираните законски одредби, најде дека погрешно Управниот суд оценил дека постапката пред органите на управата била спроведена правилно и дека оспореното решение е законито.

По мислење на овој суд, доколу се исполнети останатите законските обврски наведени во член 15 од Законот за здравствено осигурување осигуреничката има право на овој надоместок и врз истото нема влијание фактот што избраниот матичен гинеколог кој ја водел бременоста бил пензионер во моментот на издавањето на извештајот. Тоа е однос помеѓу лекарот и Фондотза здравствено осигурување, а осигурениците не треба да трпатнегативнипоследици од евентуалната злоупотреба на статусот на лекарот.

## ТРЕТ СУДСКИ СОВЕТ ЗА ФИНАНСИСКИ, ЦАРИНСКИ, ДАНОЧНИ И ДРУГИ ПРАВА

**V-УЖ-3.358/2016**

СудијаМирјана Василевска

Сентенца – основ:Трговска марка

**Со трговска марка не може да се заштити знак кој е идентичен или сличен со порано пријавената или регистрираната трговска марка на друго лице за ист или сличен вид на стоки односно услуги доколку таа**

**сличност може да го доведе во заблуда просечниот потрошувач како што е во конкретниот случај. На заинтересираното лице со Решение му се признава право на стоковна индивидуална трговска марка по пријава на трговска марка со право на првенство. Од друга страна пријавата на трговска марка е поднесена подоцна што е заведено во трговскиот регистар на трговски марки.**

Од образложението:

Против пресудата на Управниот суд жалба изјавило заинтересираното лице Раде поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи пресудата да се укине и предметот врати на повторно одлучување или мериторно да се одлучи.

Жалбата на заинтересираното лице е основана.

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија решавајќи по пријавата за трговска марка поднесена од тужителот за признавање на право на трговска марка донел Решение со кое се признава стоковна индивидуална трговска марка на подносителот со право на првенство.

Заинтересираното лице поднело Предлог за огласување за ништовно на решението. Во предлогот е наведено дека во случајот се работи за добро позната фирма на македонскиот пазар, единствена во регионот со сопствено производство, основана во 1947 година и со лого препознатлив на пазарот и дека во изглед ги има заштитено трговските марки со приоритет и дека нема основ и услови да се заштити трговската марка поради неспорна сличност со другите трговски маркии можност поради вербалниот елемент да се доведе во заблуда просечниот потрошувач.

По спроведената постапка тужениот орган донел Решение со кое со став 1 се уважува Предлогот и со став 2 се огласува за ништовно Решението со образложение дека спротивставените трговски марки се слични и регистрирани за иста класа од Меѓународнарта класификација и дека со регистрирањето на трговската марка на тужителотво изглед е повредено правото на претходно регистрираната трговска марка.

Управниот суд со Пресуда ја уважил тужбата на тужителот за признавање на правото на трговска марка и оспореното Решение на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија го поништил.

Пресудата на Управниот суд е неправилна и незаконита.

Согласно член 19 од Законот за индустриска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 21/09 и 4/11), во управната постапка за стекнување, остварување, одржување и заштитата на правата од индустриска сопственост одлучува Заводот, со решение. Во управната постапка Заводот

постапува во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. За се што не е предвидено со овој закон се применува Законот за општа управна постапка.

Согласно член 177 став 1 точка 3, 4, и 7 од истиот Закон, со трговска марка не може да се заштити знак: кој не е дистинктивен, односно подобен за разликување на стоките и услугите во прометот; кој го означува само видот на стоките, односно услугите, нивната намена, времето или начинот на производство, географското потекло, квалитетот, цената, количеството и тежината;кој со својот изглед може да создаде забуна во прометот, а особено да го доведе во заблуда просечниот потрошувач во поглед на географското потекло, видот, квалитетот или другите својства на стоките или услугите.

Согласно член 177 став 2 од истиот закон, знаците наведени под точките 3, 4 и 5 од ставот (1) на овој член можат да се заштитат како трговска марка само доколку подносителот на пријавата докаже дека знакот стекнал дистинктивност со текот на долгогодишната употреба.

(1) Според член 178 став 1 од истиот закон со трговска марка не може да се заштити ниту знак: 1) кој е идентичен со порано пријавена или регистрирана трговска маркана друго лице за ист вид стоки или услуги, и 2) кој е идентичен или сличен со порано пријавена или регистрирана трговска марка на друго лице за ист или сличен вид стоки, односноуслуги, доколку таа сличност може да создаде забуна кај просечниотпотрошувач, вклучително и можност од асоцијација со порано пријавената или порано регистрираната трговска марка. (2) Порано пријавената трговска марка ќе биде причина за одбивање восмисла на ставот (1) на овој член само доколку биде регистрирана. (3) Под поимот "порано пријавена или регистрирана трговска марка" сеподразбираат: 1) трговските марки кои уживаат право на првенство според одредбите наовој закон; 2) порано меѓународно регистрираните трговски марки со дејство воРепублика Македонија, и 3) трговските марки кои во време на поднесување на пријавата на трговскамарка за знакот од ставот 1 на овој член се добро познати во РепубликаМакедонија во рамките на значењето на членот 6-бис од Парискатаконвенција, односно членот 16 од ТРИПс Договорот.

Согласно член 276 став 1 од истиот закон решението за признавање на правото може да се огласи за ништовно за сето време на траење на заштитата и тоа по службена должност или на предлог на заинтересирано лице. Според став 2 од истиот член по исклучок од одредбата од ставот (1) на овој член, предлог за огласување за ништовно решение за признавање на правото на трговска марка не може да поднесе носителот на порано регистрираната трговска марка, доколку во текот на пет години последователно пред поднесувањето на предлогот знаел за користењето на подоцнежната трговска марка. Согласно став 3 од истиот член предлогот за огласување ништовно решение се поднесува во писмена форма до Заводот. Согласно став 4 од истиот член кон предлогот од ставот (2) на овој член подносителот е должен да ги достави потребните докази. Според став 5 од истиот член Заводот е должен во рок од петнаесет дена од приемот на предлогот да му го достави предлогот на носителот на правото и да го повика да се изјасни во определен рок кој не може да биде подолг од шеесет дена од приемот на известувањето.

Овој суд смета дека пресудата на Управниот суд е неправилна и незаконита. Според судот тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот. Правилно прифатил тужениот орган дека во конкретниот случај не постојат услови за регистрација на конкретната трговска марка согласно член 178 став 1 точка 2 од Законот за индустриска сопственост. Имено со трговска марка не може да се заштити знак кој е идентичен или сличен со порано пријавената или регистрираната трговска марка на друго лице за ист или сличен вид на стоки односно услуги доколку таа сличност може да го доведе во заблуда просечниот потрошувач како што е во конкретниот случај. На заинтересираното лице со Решение му се признава право на стоковна индивидуална трговска марка по пријава на трговска марка со право на првенство. Од друга страна пријавата на трговска марка е поднесена подоцна што е заведено во трговскиот регистар на трговски марки. Тужениот орган оценил дека помеѓу спротивставените трговски марки постои голема сличност, а одделни елементи од оспоруваната трговска марка се идентични со елементите на трговската марка на подносителот на предлогот. Графизмот како вербален елемент го претставува дистинктивниот дел од знакот и е целосно инкорпориран во оспоруваната трговска марка на кој начин меѓу нив постои визуелна и фонетска сличност. Заводот утврдил дека оспоруваната трговска марка е регистрирана за идентични и слични производи од класата на Меѓународната класификација. На таков начин овој суд оцени дека жалбените наводи на заинтересираното лице се основани во однос на постоење на индивидуално право на субјектот да одлучи против кого ќе покрене постапка бидејќи правото на трговска марка е индивидуално право, против кој субјект ќе биде покрената постапка за поништување и повреда на трговска марка, а против кој субјект ова право нема да биде искористено. Предвид дека во случајот се работи за индивидуално право, во случајот се користи туѓа фирма и доколку остане во правен промет му се ограничуваат правата на заинтересираното лице. Дотолку повеќе што истиот претходно го заштитил правото на трговската марка со Решение и му се признава право на стоковна индивидуална трговска марка по пријава на трговска марка со право на првенство.

**VI-УЖ-3531/2016**

СудијаМирјана Василевска

сентенца – основ: Данок на промет на недвижности

**Напротив, тужителот како заинтересирано лице по друг основ и по определен временски период по настанот, во граѓанска постапка го раскинал предметниот договор што не претставува правен основ за поврат на претходно уплатени средства по поднесена даночна пријава по која е донесено решение за утврдување данок на промет на недвижности ниту основ за ослободување од даночната обврска.**

Од образложението

Жалбата на тужителот е неоснована.

Градоначалникот на Град Скопје донел Решение со кое му се утврдува даночна основа на данок на промет на недвижности на даночен обврзник во вкупен износ од 144.403,00 денари, врз основа на утврдена даночна основа за недвижноста за стан лоциран во Скопје кој износ бил должен да го плати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението, а на износот на данокот што нема да биде платен во пропишаниот рок се плаќа камата од 0,05% дневно за секој ден задоцнување. Ова решение е донесено врз основа на поднесена даночна пријава до првостепениот орган, а правен основ е Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје правосилна и извршна за раскинување на Договор за дар склучен со Нотарски акт помеѓу тужителот како дародавател и друго лице како дароприමател. Данокот го платил тужителот како заинтересирано лице, иако обврската требало да ја исполни даропримателот.

Министерот за финансии донел Решение со кое ја одбил како неоснована жалбата на тужителот како заинтересирано лице.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Со Пресуда на Управниот суд тужбата на тужителот била одбиена како неоснована со образложение дека со оспореното решение не е повреден законот на штета на тужителот и дека во конкретниот случај правилно е утврден данок на промет на недвижности кој е платен од страна на сега тужителот.

Пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 138 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05, 110/08 и 51/11), пред донесување на решението ќе се утврдат сите факти и околности што се од значење за решението и на странките ќе им се овозможи да ги остварат и заштитат своите права и правни интереси.

Согласно член 10 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 13/06, 88/08, 159/08, 105/09 и 133/09, 145/10,171/10, 53/11), даночните факти се утврдуваат согласно даночните закони и нивната економска суштина.

Согласно член 19 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04 ... 53/11), на остварениот промет на недвижности се плаќа данок на промет на недвижности. Под промет на недвижности во смисла на овој закон, се смета преносот со надоместок на правото на сопственост на недвижности, замената на една недвижност за друга недвижност, како и друг начин на стекнување на недвижности со надоместок меѓу правни и физички лица.

Согласно член 23 став 3 од истиот закон, ако пренос на правото на сопственост се врши врз основа на одлука на судот или друг државен орган даночната обврска настанува на денот на правосилноста на таа одлука.

Согласно член 113 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01 ... 161/09), во двостраните договори, кога една страна не ќе ја исполни својата обврска, другата страна, ако не е определено нешто друго може да бара исполнувањето на обврските или под условите предвидени во натамошните членови, да го раскине договор со проста изјава, ако раскинувањето на договорот не настапува според самиот закон, а во секој случај има право на надомест на штета.

Согласно член 555 од истиот закон, со договорот за дар дарувачот се обвзува да му пренесе или му предава на даропримачот во сопственост определен предмет или му отстапува некое право или му отпушта долг, или му презема долг без надомест.

Согласно член 563 став 1 од истиот закон, дарувачот може да го раскине договорот и да го отповика направениот дар, во случај кога даропримачот со своето однесување кон него или на нему блиско лице, покаже крајна неблагодарност. Согласно став 4 од истиот член, во случај на отповикување заради неблагодарност, даропримачот е должен да врати се што примил на име дар.

Овој суд смета дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита. Според судот ниту тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот. Управниот суд правилно заклучил дека во конкретниот случај не се работи за повеќе или погрешно уплатен данок, камата и трошоци на присилната наплата. Тужителот како заинтересирано лице ја имал во сопственост предметната недвижност и ја владеел во одреден подлог временски период, а потоа со договор за дар ја пренел на својот син, под одредени услови предвидени со договорот. Предметната недвижност била запишана од Агенцијата за катастар на недвижности во Имотен лист на име на синот. Подоцна дародавателот, сега тужител како заинтересирано лице побарал раскинување на предметниот договор, при што судот донел Пресуда со која го усвоил тужбеното барање и го раскинал договорот и даропримачот како тужен во таа постапка бил задолжен станот да го предаде во владение на сега тужителот и да трпи упис во промената во имотниот лист. Со оглед на тоа да даночниот обврзник синот на тужителот немал интерес да го плати данокот со кој бил задолжен, сега тужителот го платил данокот на промет на недвижности во утврдениот износ, а потоа повел управен спор како заинтересирано лице.

Овој суд најде дека во конкретниот случај Управниот суд правилно заклучил дека во конкретниот случај не се работи за повеќе или погрешно уплатен данок, камата и трошоци на присилната наплата. Тужителот како заинтересирано лице ја имал во сопственост предметната недвижност и ја владеел во одреден подлог временски период, а потоа со договор за дар ја пренел на својот син Љупчо Јовановски од Скопје, под одредени услови предвидени со договорот. Предметната недвижност била запишана од Агенцијата за катастар на недвижности во Имотен лист бр.22498 за КО Ѓорче Петров-4 Влае на име Љупчо Јовановски од Скопје. Подоцна Дане Јовановски

од Скопје како randodavatel, сега тужител како заинтересирано лице побарал раскинување на предметниот договор, при што судот донел Пресуда од 25.11.2011 година, со која го усвоил тужбеното барање на сега тужителот и го раскинал договорот и дароприначот Љупчо Јовановски како тужен во таа постапка бил задолжен станот да го предаде во владение на сега тужителот и да трпи пис во промената во имотниот лист. Со оглед на тоа да даночниот обврзник Љупчо Јовановски немал интерес да го плати данокот со кој бил задолжен, сега тужителот го платил данокот на промет на недвижности во утврдениот износ. Правилно прифатил Управниот суд дека во случајот нема основ за примена на член 83 став 1 од истиот закон од причина што не се работи за погрешно или повеќе уплатен данок по овој основ. Напротив, тужителот како заинтересирано лице по друг основ и по одреден временски период по настанот, во граѓанска постапка го раскинал предметниот договор што не претставува правен основ за поврат на претходно уплатени средства по поднесена даночна пријава по која е донесено решение за утврдување данок на промет на недвижности ниту основ за ослободување од даночната обврска.

Управниот суд при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел, со кое образложение во целост се согласува и овој суд. Овој суд оцени дека правните последици од раскинувањето на договорот настануваат од моментот на раскинувањето, во случајот од денот на правосилноста и извршноста на пресудата надлежниот суд, прометот е настанат, а данокот правилно утврден по поднесена даночна пријава. Во таков случај недвижноста се префрла од син на татко и нема основ за ослободување од данок на промет. Дотолку повеќе што не може да се прифати наводот дека тужителот иако немал обврска, го платил данокот од причина што неговиот син немал интерес да го плати данокот на промет бидејќи е тој лицето на кое му се раскинува договорот.

**VII – УЖ-3 бр.786/16**

**Судија Загорка Тноковска**

Сентенца – основ:Заштита на авторски музички права

**Здружението за заштита на авторски и музички права, не може да биде тужена страна на управно-судската заштита затоа што не станува збор за здружение кое решава во управни работи, па оттука и оспорената одлука нема третман на управен акт согласно Законот за управните спорови.**

Од образложението

Управниот суд со Решение У-6.бр.1047/2016 и У-6.бр.1048/2016 од 11.11.2016 година, со став 1 од истото тужбата на тужителот изјавена против Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година ја отфрлил, а со став II од решението тужбата со барање за донесување на времена мерка на тужителот да се стави вон сила Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на

авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година до конечно завршување на управниот спор, ја отфрлил како беспредметна.

Незадоволен од решението на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предложи жалбата да се уважи, и предметот да се врати на повторно одлучување или решението на Управниот суд да се преиначи на начин што тужбата на тужителот да се уважи и оспорената одлука да се стави вон сила.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата, испитувајќи го побиваното решение во смисла на член 354 во врска со член 371 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Тужителот пред Управниот суд поднел тужба против Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година, заведена под број У-6.бр.1048/2016, како и тужба со предлог за издавање времена мерка со која да се стави вон Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година до конечно завршување на управниот спор.

Управниот суд при одлучувањето ги имал во предвид списите кон предметот од кои произлегувало дека 160 автори на 17.09.2016 година во хотел Александар Палас, одржале седница на која бил составен Записник број 481-1-02 од 19.09.2016 година. На седницата авторите донеле одлука со мнозинство гласови од присутните, согласно член 16 став 4 и 5 од статутот на ЗАМП, да се забрани емитување на авторските музички дела на сите штитеници на ЗАМП чии права колективно ги управува, согласно Законот за авторското право и сродните права и Решението за давање на дозвола на Министерството за култура бр.54-54-5451/1 од 03.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија“ број 65/11 од 10.05.2011 година). Со истата одлука го задолжиле Собранието на ЗАМП да донесе одлука со која ќе ја спроведе нивната одлука содржана во записникот, за отповикување на издадените дозволи на трговско радиодифузните друштва за јавно емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување како и да се изрече забрана за емитување на авторските музички дела по пат на радиодифузните емитувања. Ова затоа што тие во повеќе наврати реагирале во Министерството за култура, Владата на Република Македонија како и Комисијата за посредување во областа на авторските права и сродни права заради сериозното обезвреднување на нивниот авторски труд, што се гледало во непочитување на авторските права загарантирани со уставот и Меѓународните конвенции, посебно во непочитување на законот во врска со исплатата на нивните надоместоци за користење на авторските дела, како и преку непроизнесување со позитивно мислење по предлог правилникот со тарифа и со давање дозвола за колективно управување на СОКОМ-МАП. Управниот одбор на ЗАМП на седницата одржана на ден 17.09.2016 година донел Одлука бр.487-1-0202 од 19.09.2016 година со која на Собранието на ЗАМП му предлага ставање вон сила на издадените дозволи од ЗАПМ и

забрана на емитување на авторските музички дела, почнувајќи од 20.09.2016 година. Поради овие причини Собранието на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП на ден 19.09.2016 година ја донело сега оспорената одлука, со која ги ставил вон сила издадените дозволи на трговските радиодифузни друштва меѓу кои и на тужителот за јавно емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување и им забранил емитување на сите авторски музички дела од репертоарот на ЗАМП почнувајќи од 20.09.2016 година.

На ден 28.10.2016 година Министерство за култура, согласно член 157 став 1 од Законот за авторското право и сродните права, донело Решение број УП1 52-3403 за запирање од извршување на истата одлука на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година и на одлуката на Управниот одбор на ЗАМП бр.487-1-0202 од 19.09.2016 година, од причина што во спроведувањето на надзорот над актите на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП, Министерството за култура оценило дека истите не се во согласност со овој закон и статутот на здружението. Во прилог на решението доставено до судот е доставен и записник број 52-9661/4 од 28.10.2016 година за извршен надзор над актите на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП.

Управниот суд постапувајќи по тужба на тужителот со став I од оспореното решение изјавена против Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година ја отфрлил, а со став II од истото решението тужбата со барање за донесување на времена мерка на тужителот да се стави вон сила Одлуката на Собранието на Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП бр.493-1-0201 од 19.09.2016 година до конечно завршување на управниот спор, ја отфрлил како беспредметна.

Управниот суд, решението го донел согласно Законот за управните спорови и согласно Законот за авторско право и сродните права.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" број 62/2006 и 150/2010), право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Согласно член 6 од истиот закон, под орган во смисла на овој закон се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови, установи, организации и заедници, здруженија и други организации и заедници кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи.

Согласно член 7 од истиот закон, управен акт во смисла на овој закон е акт со кој органите од членот 6 на овој закон решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актите на тие органи донесени во прекршочната постапка.

Согласно член 9 алинеја 1 од истиот закон, управен спор не може да се поведе: против акти донесени во работи во кои судска заштита е обезбедена вон управниот спор.

Согласно член 12 од истиот закон, тужена страна во управниот спор е органот чиј акт се оспорува.

Согласно член 26 став 1 алинеја 2 од истиот закон Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека актот кој се оспорува со тужбата не е управен акт.

Од цитираните одредби, неспорно произлегува дека како тужител во управен спор може да се јави физичко односно правно кое смета дека му е повредено определено право засновано врз закон.

Во смисла на одредбата од членот 12 од Законот за управните спорови во врска со членот 6 од истиот закон, неспорно произлегува дека како орган може да се смета и здружение но кога тие во вршењето на јавни овластувања решаваат за управни работи.

Според наведеното, Вишиот управен суд согласно напред цитираните законски одредби најде дека Управниот суд правилно одлучил и донел законита и правилна одлука. Во конкретниот случај, Здружението за заштита на авторски и музички права, не може да биде тужена страна на управно-судската заштита затоа што не станува збор за здружение кое решава во управни работи, па оттука и оспорената одлука нема третман на управен акт согласно Законот за управните спорови. Здружението за заштита на авторски и музички права е правно лице кое работи согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ број 52/10 и 135/11), во врска со Законот за авторско право и сродни права и истото во смисла на член 3 точка 16 од Законот за здруженија и фондации, не преставува “Организација со статус од јавен интерес“ бидејќи од членот 1 од Статутот на здружението на авторски права (пречистен текст) кој тужениот го приложил кон одговорот на тужбата, произлегува дека тоа е организација за колективно управување на авторските музички права на носителите на авторски музички права. Од ова произлегува дека Здружението за заштита на авторски и музички права е правно лице кое е основано согласно Законот за здруженија и фондации, но не е од јавен интерес. Ова здружение ги штити правата и интересите само на неговите членови, но Здружението за заштита на авторски и музички права не може да носи акти со кое ќе ги штити правата и интересите на сите оние кои не се членови на истото, односно да носи акти со кои ќе се наложи одредени обврски односно признае право и на лица кои не се членови на истото. Здружението може да се јави само во заштита на повреденото право односно интерес на некој односно некои негови членови.

Од друга страна доколку тужителот смета дека му е повредено одредено право или интерес односно нанесена штета, истиот заштитата на така повреденото право односно интерес како и евентуално нанесената штета (материјална или нематеријална), може да ја остварува во редовен граѓански

спор пред надлежен суд.

**VIII – УЖ-3 бр. 1/17**

**Судија Загорка Тноковска**

Сентенца – основ:Примена на Закон за даночна постапка во однос на закон за трговски друштва

**Примената на Законот за трговски друштва нема законска основа во даночната постапка со која се регулира даночно-правниот однос, имајќи го при тоа во предвид фактот дека со Законот за даночна постапка се уредува даночната постапка. Оттука, Законот за даночна постапка не разликува поим "содружници" туку "даночни обврзници", а под овој поим се подразбираат физички и правни лица кои должат данок, гарантираат за данок, треба да платат данок за сметка на трето лице, а согласно член 4 од Законот за даночна постапка. Исто така со член 18 од истиот закон, се утврдени даночните должници, поради што во конкретниот случај одредбите од Законот за даночна постапка се lex specialis во однос на Законот за трговски друштва.**

Од образложението

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.2205/2016 од 16.11.2016 година, тужбата на тужителот Звезда Ристова од Радовиш, против Решението на Управата за јавни приходи-Регионална дирекција - Скопје бр.26-127/Г-1 од 06.10.2016 година, ја уважил и оспореното решение го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државен правобранител за подрачје Скопје, поради суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е основана.

Од списите во предметот се утврди дека Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје, врз основа на извршена контрола кај тужителот му утврдила аконтација на персонален данок на доход од добивки на игри на среќа. За вкупно доспеаниот даночен долг на даночниот обврзник "Бет Про Вил Хил" ДОО - Скопје по Решение бр.25-109-1/01150-11278/5 од 18.07.2016 година за персонален данок на доход, изготвена била Опомена бр. 26-16/703-11 од 05.09.2016 година за главен долг во износ од 110.268.535,00 денари и камата 17.170.913,00 денари во вкупен износ од 127.439.448,00 денари. На 28.09.2016 година било донесено Решение за присилна наплата бр.26-127/М-3 заради намирување на долгот кој не бил платен. Од евиденцијата на Управата за јавни

приходи-Регионална дирекција Скопје, лицето Ристова Звезда била основач на “Бет Про Вил Хил“ ДОО-Скопје со 50% учество во основачкиот влог и истата влијаела на одлуките на даночниот обврзник. Согласно наведеното Управата за јавни приходи-Регионална дирекција Скопје утврдила дека се исполнети условите за утврдување на својство на даночен гарант на лицето Ристова Димитар Звезда и согласно член 35-а став 1 и 2 алинеја 1 од Законот за даночна постапка, а во врска со член 83 од истиот закон.

Со Решение на Управата за јавни приходи-Регионална дирекција- Скопје бр.26-127/Г-1 од 06.10.2016 година, на физичкото лице Ристова Димитар Звезда од Радовиш, му било утврдено својство на даночен должник, за утврдениот , достасан, а неплатен долг по основ на Решение бр. 26-127/М-3 од 28.09.2016 година. Со истото решение му било наложено на тужителот како даночен гарант, во рок од 15 дена од приемот на решението да го плати утврдениот и доспеан даночен долг на даночниот обврзник “Бет Про Вил Хил“ ДОО-Скопје и тоа: по основ на еднократна такса 5% за главен долг во износ од 2.755.391,50 денари, по основ на еднократна такса 5% за камата во износ од 304.182,50 денари, по основ на аконтација на ПД на доход од добивки на игри на среќа-камата во износ од 8.585.456,50 денари и по основ на аконтација на ПД на доход на добивки на игри на среќа-главен долг во износ од 55.107.833,50 денари да ги уплати на соодветна уплатна сметка. Со истото решение е утвдено дека на износот на данокот со кој е задолжен даночниот гарант што нема да го плати во законскиот рок, се пресметува и наплатува камата за секој ден задоцнување, по стапка од 0,03% за секој ден задоцнување. Поднесувањето на тужба не го спречува извршувањето на решението. Решението е извршно со денот на доставата.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган поради суштествени повреди на постапката погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.2205/2016 од 16.11.2016 година ја уважил тужбата и го поништил оспореното решение.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е неправилна и незаконита.

Согласно член 2 став 1 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 13/06 ... 23/16), Овој закон се применува и на други јавни давачки, доколку истите со закон се доверени да ги управува Управата за јавни приходи.

Согласно член 3 став 1 од истиот закон, Овој закон има предност пред другите даночни закони.

Согласно член 35-а став 1, 2 и 4 од истиот закон, За даночниот долг на даночниот должник, утврден со решение на Управата за јавни приходи или неплатен кај поведување на постапка за присилна наплата, наплатата со сиот свој имот ја гарантира лицето кое со своите одлуки влијаело врз стопанските

активности на даночниот должник, од кои произлегол даночниот долг. Лице чии одлуки влијаат врз активностите на даночниот должник е лицето кое: -има удел во даночниот обврзник кој е должник, сразмерно на процентот на уделот:-го застапува даночниот обврзник кој е должник, сразмерно на процентот на уделот, -го застапува даночниот обврзник кој е должник, во висина која одговара на товарот кој произлегува од даденото овластување за застапување, -има долг кон даночниот обврзник кој е должник, до висина на долгот кон него -го презема долгот, до висина на преземениот долг даден во нотарски заверената изјава.Со решение донесено во постапка за утврдување на даночна гаранција од членот 83 од овој закон, Управата за јавни приходи го определува лицето кое по одредбата од ставот 2 на овој член гарантира за даночниот долг.

Според овој суд, Управниот суд неправилно нашол дека тужениот орган не ги применил правилно законските одредби кога врз основа на истите, со оспореното решение на тужителот му утврдил својство на даночен гарант и обврска да го плати даночниот долг на даночниот обврзник , во висина на процентот на уделот кој го има како содружник во овој деловен субјект. Имено согласно утврдената фактичка состојба во предметот, иако со даночен управен акт во случајот - Решение на управата за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје бр.25-109-1/01150-11278/5 од 18.07.2016 година му бил утврден даночен долг на даночниот должник “Бет Про Вил Хил“ ДОО-Скопје, во висина на процентот на уделот кој го има како содружник во овој деловен субјект сега тужителот, односно лице чии одлуки би влијаеле врз активностите на наведениот деловен субјект и со повеќе решенија била отпочната постапката за присилна наплата на утврдениот долг, Управниот суд смета дека тужителот како содружник во “Бет Про Вил Хил“ ДОО-Скопје како друштво со ограничена одговорност, а согласно член 27 став 3 и член 40 став 4 од Законот за трговските друштва, не одговара на обврската на друштвото, односно Управата за јавни приходи како доверител не може да ги намири своите побарувања од личниот имот на содружник.

Во конкретниот случај овој суд најде дека тужениот орган донел правилна и законита одлука. Имено, одредбите од Законот за даночна постапка имаа предимство на примената во однос на другите закони и истите се единствена основа за општото даночно право и за даночната постапка. Од ова произлегува дека во случајот примената на Законот за трговски друштва нема законска основа во даночната постапка со која се регулира даночно-правниот однос, имајќи го при тоа во предвид фактот дека со Законот за даночна постапка се уредува даночната постапка. Оттука, Законот за даночна постапка не разликува поим “содружници“ туку “даночни обврзници“, а под овој поим се подразбираат физички и правни лица кои должат данок, гарантираат за данок, треба да платат данок за сметка на трето лице, а согласно член 4 од Законот за даночна постапка. Исто така со член 18 од истиот закон, се утврдени даночните должници, поради што во конкретниот случај одредбите од Законот за даночна постапка се lex specialis во однос на Законот за трговски друштва. Според наведеното во случајот одлуката на тужениот орган е донесена согласно член 35-а од Законот за даночна постапка и истата е правилна и законита.